**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија врз основа на член 46 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.102/26),објавува

**О Г Л А С**
**за избор на**

I
Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Битола

II
Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Штип

III
Сите кандидати за избор на јавни обвинители освен условите предвидени во член 61, член 62 од Законот за Јавното обвинителство (Сл.весник на РСМ бр. 150/07,100/11, и 42/20), потребно е како посебен услов да исполнуваат:

1. За Виш јавен обвинител на вишото јавно обвинителство, може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку осум години како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е со позитивна оценка во последните четири години.

IV
Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, уверение за државјанство на Република Северна Македонија, уверение за деловна способност (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), доказ за работен стаж, диплома или уверение за завршен Правен факултет и потврда за положен правосуден испит во оригинал или заверено на нотар, да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на Бул. "Крсте Петков Мисирков"бр.1, 3 спрат во рок од 15 дена од објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

Приемот на документи е секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот
Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08-76/1
Скопје, 02.07.2026 година

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Башким Бесими**